особени усилби, а тоа секако претставувала и најтешката задача на составувачите на зборниците. Меѓутоа, покрај сите тешкотии, целата работа беше совесно и успешно извршена, со што содржината на документите, често сосем нејасна во оригиналот, е станата употреблива за корисникот.

За разлика од поранешните слични изданија на документи, овде редакцијата сметала за корисно документите да ги издава на дијалектот на кој се пишувани во оригиналот „кои, како такви, ќе претставуваат секако особен интерес и за другите научни дисциплини", пред сè за јазичарите. Тие се објавени без јазични и стилски интервенции. Реракцијата се држела исто така за принципот да не интервенира ни во случај на контраверзни мислења и оценки за разни ситуации и личности, како и за ставови на одделни личности за кои се говори во документот.

Овој принцип е прифатен со убавата желба Редакцијата на зборникот ништо да не прејудицира, туку да остави научните работници што ќе ги ползуваат документите сами да доаѓаат до одделни заклучоци за одредените настани и личности за кои се говори во документот.

Најголем број од документите во оригиналот се пишувани на македонски јазик, а има и на српскохрватски и бугарски јазик. Документите пишувани на туѓ јазик, ако се објавени првпат во овој зборник, се објавуваат паралелно на јазикот на оригиналот и во превод на македонски.

По правило, документите се објавувани од оригиналот. Исклучок прават неколку што во фондовите се добиени како оверени преписи или фотокопии на оригиналот.

За полесно користење на Зборникот, на крајот од секоја книга се дадени регистар на лични имиња со куси биографски податоци, регистар на географски поими, тематско-предметен регистар и список на многубројните кратенки што се спомнуваат во документите.

Овие регистри, а особено биографските податоци во регистарот на личните имиња, што во двете книги опфаќа над 50 страници, претставувале несомнено тешка и макотрпна работа за составувачите на зборникот. Меѓутоа, со таквиот труд, со библиографскиот додаток Зборникот станува ретко квалитетна оформена целина. Спомнатите личности низ документите со помошта на така составениот личен регистар излегуваат од „анонимност", со кое сите акции, личности и сл. за кои се говори во документите лесно се следат и документите стануваат почитливи.

Очигледно е дека, во очекување на наредните предвидени томови од оваа серија документи, можеме да бидеме задоволни од ваквиот почеток.

*Р. Т.*

## **Христо Андонов-Полјански, Гоце Делчев.** Скопје, Култура 1968, 53

Сублимноста на Гоцевото дело отсекогаш претставувала привлечна мета за народниот поет, уметник или биограф.

Со својата студија за Гоце Делчев, Христо Андонов-Полјански се приклучи кон редицата Делчеви биографи.

Појавата на ова дело не е случајна. Авторовиот афинитет спрема Гоцевата личност датира отпорано. За тоа, меѓу другото сведочат досега публикуваните три прилози кон библиографијата за Гоце Делчев, како и делото „Гоце Делчев во спомените на современиците".

Претставата за Гоцевата личност еволуирала низ делата на неговите биографи.

Поаѓајќи од првата биографија за Гоце Делчев, напишана и обоена со романтичарски колорит од Гоцевиот близок пријател и соборец, поетот Пеју К. Јаворов, — па преку монографијата на Крум Христов, — до најновата студија за Гоце Делчев,

презентирана од Полјански, во која претставата за Гоце е поставена врз реална основа, евидентна е метаморфозата на претставата за Гоце Делчев.

Појавата на монографијата за Гоце Делчев од Хр. Андонов-Полјански коинцидира со 65-годишнината од смртта на познатиот корифеј на македонското национално-ослободително движење.

Оваа монографија на Хр. Андонов-Полјански фасцинира со својата концизност и длабока студиозност.

За концизноста на оваа монографија говори фактот дека во неа, како во ретко кое друго дело, на толку мал простор — толку многу е кажано.

При составувањето на монографијата авторот консултирал, покрај познатата архивска документација и литература, досега непознати архивски материјали, како и најновата литература за Гоце Делчев.

Книгата е мошне луксузно опремена и богато илустрирана со фотографии тесно поврзани со Гоцевата личност.

Посебно треба да се истакне мошне интересната, досега непозната фотографија на Гоце Делчев, како воен питомец со група другари, од која мошне силно зрачи Гоцевата маркантна фигура. Книгата содржи седум поглавја.

Во првото поглавје, авторот накратко ја разгледува епохата што довела до појавата на Гоце Делчев.

Во второто поглавје, Полјански го проследува изградувањето и растежот на Гоцевата личност, поаѓајќи од Гоцевите детски кукушки денови, преку солунските гимназиски младешки немири, до софиското исклучување од Военото училиште во 1894 година.

„Веќе во октомври 1894 година Гоце Делчев се наоѓал на македонското револеционерно поприште. Тоа претставува суштествен момент во неговата биографија. Тоа е период кога тој сè поинтензивно ги поставува и ги доразвива своите идеолошки погледи, својата револуционерно-демократска концепција за суштината на македонската револуција, за ослободителната борба на македонскиот народ.“ (стр. 15)

Во третото поглавје авторот мошне сликовито ги изнесува корените на Делчевите идеолошки погледи. Во натамошното излагање, пишувајќи за величината на Гоцевата личност, Полјански истакнува: „Кон концептирањето на своето револуционерно верују Гоце пристапил со реалистички потход, согледувајќи го и акцентирајќи го правото за самостојно постоење на македонскиот народ. Токму во тој потход се гледа и неговата величина. Со тоа Гоце успеал високо да се издигне над своите современици и да образложи една определена, содржајна концепција за суштината на револуцијата. Во тоа определување на суштинските страни на револуцијата и на нејзините можности за транспонирање во Македонија овој, јакобинец на македонска и балканска почва, како што некои го нарекле, ги надминал тесните рамки на националната слобода и излегол со својот хуманизам и со еден широк космополитизам. Основниот лајтмотив на неговите идеи го гледаме во неговата мошне често цитирана изрека: „Јас го разбирам светот единствено како поле за културно натпреварување на народите.“ (стр. 20)

На ова место е потребно да одбележиме дека во оваа студија за Г. Делчев е застапен чудесен збир на сите оние бисери, искажани од Делчев. Од тие Гоцеви изреки извираат, пред очите на читателот, кристално чисти Делчевите идеолошки погледи.

Меѓу другото, авторот на монографијата го цитира Ѓорче Петров, кој за Гоце рекол: „Делчев беше фанатичен поддржувач на максимата, дека ропството се должи пред сè на самиот роб и се крепи од него повеќе отколку од мачителот и дека, кога ќе престане робот во душата да биде таков, ропството исчезнува само по себе“. (21)

Идеолошките погледи на Делчев нашле најеклатантен одраз во изработените од него и од Ѓ. Петров „основни документи и акти на Внатрешната организација. Притоа беше

презентирана широка платформа со опфаќање на сите незадоволни елементи, без разлика на народност, а за извојување на полна политичка автономија, како етапа за извојување на независност на Македонија.“ (22)

Во натамошното излагање, авторот, меѓу другото, истакнува: „Идеолошката концепција на Гоце Делчев за ослободителната борба на македонскиот народ не се ограничува само на ликвидацијата на отоманскиот господаречки систем, на политичката и деспотската тиранија, туку во неа е содржана и доследната борба против стремежите на балканските монархии и нивните агентури за завојување и за проширување на своето влијание и позиции во Македонија... Гоце беше категоричен во својата поставка дека: „Ослободувањето на Македонија лежи во внатрешното востание. Кој мисли поинаку да се ослободи Македонија, тој се лаже себеси и другите.“ (24—25)

Понатаму, Полјански го цитира, според Д. Талев, следниов Делчев став: „Македонија има свои интереси и своја политика, таа им припаѓа на сите Македонци; кој копнее, кој работи да ја присоедини кон Бугарија или Грција, тој може да се мисли за добар Бугарин или Грк, но не е добар Македонец“. (стр. 25)

Исто така, авторот го апострофира Гоцевиот став, изнесен во 1897 год., која сѐ уште не ја загубил својата актуелност: „Не верувам дека има народ кој толку многу трпел од своите синови-изроди, како македонскиот“. (29).

Делчев се покажал како огорчен противник на многубројните врховистички провокации, особено на предвремените востанија. Тој рекол: „Најголем престап што може да направи еден наш деец пред народот и пред историјата, тоа е да подигне едно предвремено и неподготвено востание. Тоа ќе биде, ни повеќе ни помалку едно самоубиство за нас. Многу револуции запирале на половина пат и излегувале недоносени поради такви причини. Зошто да не ја допуштиме можноста за слична несреќа кај нас?“ (стр. 27)

Понатаму, авторот истакнува: „Во оваа одбрана на ослободителното и самостојно дело Гоце ја внесе сета своја луцидност, од што произлегува и неговата далековидност. Гоце ја знаеше конкретната ситуација во Македонија и, произлегувајќи од својата стојносна револуционерна концепција, го концептира и својот став спрема авантуристичките потфати на врховистите. Тој велеше: „Ако може да се подигне востание со 40 души, Македонија одамна ќе беше слободна државичка“. И уште повеќе, тој е категоричен кога констатира: „Ќе бев восхитен ако ослободувањето на таа измачена земја можеше да биде спечалено со едно дувнување на устата. Но, каде е таа магична сила?“. Токму со ова луцидно проникнување Гоце ја истакнуваше својата реалност и сигурност во врска со македонското ослободително дело, а со тоа и своето вистинско предводништво. Тој со аргументите на словото, а со време и со азбуката на револуцијата — оружјето, ја бранеше македонската кауза, ги штитеше интересите на македонскиот народ од сите посегања.“ (стр. 27—28)

Следното поглавје Полјански го посветил на Гоцевата организациона дејност.

„Гоце Делчев разви мошне изразита организациона дејност низ цела Македонија. Таа негова дејност може да се раздели на неколку карактеристични етапи и тоа: од 1894 до 1896 година (тоа е периодот на неговото префрлување во Македонија сѐ до Солунскиот конгрес на Внатрешната организација во 1896 година); потоа, од 1896 до 1901 година (кога Гоце ја зазема должноста на задграничен претставник) и од 1901 до 1903 година (ова време се совпаѓа со неговата најголема организациона дејност). Во сите овие етапи Гоце со многу смисла, енергија и умеење ги пројавува своите организациони способности, вистинските својства на народен водач.“ (30)

Во натамошното излагање, авторот ги изнесува сите финеси на Гоцевата организациона дејност.

Во петтото поглавје се изнесени плодовите на Делчевата организациона активност. „Гоцевата организациона дејност придонела мошне мно-

гу за револуционизирањето на масите, за омасовувањето на делото. Цела Македонија била опфатена во револуционерен занес. Тоа воодушевување од Гоцета народот го воспеал и во народните песни. Револуционерните настроенија на македонскиот народ и примерното дејствување на Делчев низ цела Македонија го забележале и странските набљудувачи, дипломатите и новинарите. Освен тоа, и турската власт сè поосетно ја чувствувала создадената опасност, а наедно и волшепството на Гоцевата личност.“ (38)

Посебно, Пољански се задржува на Гоцевиот став, изнесен на јануарското советување во Софија во 1903 година: „На востанието треба да гледаме од две страни. Прво, ние треба да се готвиме за него, како што сме се готвеле досега, како за наше последно средство, кон кое ние ќе прибегнеме само кога целата системна, материјална, техничка и морална подготовка биде наполно завршена, кога целото население или поголемиот дел од него созрее за востание. Второ, и тоа е уште поважно, за востание ние треба да се решиме само тогаш, кога сите услови ќе бидат најблагопријатни, кога меѓународната положба ќе биде во наша полза.“ (40—41)

Нешто подоцна, Делчев вложил големи напори за промена на солунското решение за дигање востание. Меѓу другото, тој се состанал во Солун и со Даме, „но, не успеал да го разубеди во основното — да не се подига востание. Интересно е сепак да се нагласи дека Делчев во тоа имал извесен успех со тоа што му наметнал некои свои погледи. Така, востанието од мај било одложено за подоцна. Потоа требало да се преземе едно засилено до највисока степен движење преку четите, т.е. да се организираат ‚четничко-партизанските акции.“ (43—44)

Мистеријата за конците што довеле до Гоцевата смрт сè уште е нерасветлена. „Секако дека цариградските архивски ризници го кријат решението на овој проблем.“ (стр. 45)

Понатаму, авторот ги апострофира потресните зборови на Гоцевиот соборец, марксистот Д. Хаџи Димов: „Петнаесет саати го гледавме мртвиот Гоце, приведен ни се чини над гробот на Македонија. И петнаесет саати ни се кинеа срцата . . .“ (45—46)

Потоа Пољански го изнесува болното реагирање на македонските револуционери и широките народни маси на веста за смртта на Делчев.

Спротивно на нив, оваа вест врховистите радосно ја примиле. Турската Порта на веста ѝ дала најголем публицитет. Слично постапиле странските амбасади во Цариград и нивните конзулства во Македонија. Странскиот печат со посебен акцент се осврнал на загубата што со смртта Делчев ја претрпело македонското револуционерно движење. Веста за убиството на Делчев била проследена со коментари во англискиот, францускиот, италијанскиот, австрискиот, германскиот, руското и југословенскиот печат. Меѓу другото, Пољански истакнува:

„Рускиот анархист-комунист Н. Рогдаев напишал: „Душата на македонската организација беше Гоце Делчев, овој балкански Гарибалди — тип на неуморен народен револуционер“. Познатиот англиски новинар Џон Макдоналд во „Дејли Њус“ пишува: „Делчев за многу години беше душа на револуцијата во Македонија . . . Делчев беше идол на десетина илјади македонски селани . . . Делчев беше човек кој стана движечки дух на организацијата.“ Францускиот публицист Рене Анри, Делчев го окарактеризирал како, создавач и раководител на Внатрешната организација“ — на кого акцијата не му беше својствена, но беше пропагандист и генијален организатор“ . . . Загрепски „Обзор“ напишал: „Со Делчев падна човекот што беше душа на сегашново револуционерно движење во Македонија. Со неговата смрт ѝ беше зададен удар на Внатрешната македонска организација и на нејзините цели. Неговата смрт осетно дејствуваше врз македонското движење на кое тој му беше душа и срце.“ (47—48)

Македонскиот народ не му останал должен на својот великан. „Ореолот на Гоце грандиозно останал да живее кај македонскиот народ и во неговите песни, легенди и преданија.

Неговото име станало легенда, вткајувајќи се во свеста на македонските народни маси.“ (48)

Во последното, седмо поглавје, авторот, правејќи рекапитулација на презентираната Делчева животна сторија, меѓу другото, констатира:

„Гоце Делчев живееше само 31 година, а активно дејствуваше на македонското револуционерно поприште сè на сè околу една деценија. Иако толку кратко, тој претставува еманација на стремежите на македонскиот народ за национално ослободување. Тој создаде еден народен организам во лицето на Внатрешната организација, му ја откри на македонскиот народ идејата за слобода, на работните маси на Македонија им го трасира патот за национално и социјално ослободување... Тој со својата неуморна дејност го жртвува сето свое битие за слободата на македонскиот народ, му ја покажа вербата во неговите сопствени сили. Гоце стоеше на чело на големата борба против посегањата однадвор, особено против врховизмот, и работеше за зачувување на самостојноста и самобитноста на македонското ослободително тело. Тој го обедини македонскиот народ, како и другите народности во Македонија, за борба против турската тиранија и против другите завојувања.“ (49—50)

Не залудо советскиот историчар Зуев истакнал: „Делчев се бореше за национална независност и слобода на македонскиот народ“. (49)

И затоа „Гоцевите идеолошки погледи и неговата организациона дејност служеа како патоказ во натамошната борба на македонскиот народ. Тоа особено најде израз за време на илинденските и поилинденските борби, во тенденцијата на прогресивните македонски генерации за реализирање на Гоцевите идеи. Особено Гоцевите идеи добија вистински можности и перспективи да бидат доследно остварени, спроведени и надминати во една друга историска опстановка, што настана со НОБ и Народната револуција на македонскиот народ, која ја водеше во здружена борба со другите југословенски народи... Во новосоздадената држава, во Народна Република Македонија — составен дел на југословенската социјалистичка заедница, најеклатантно дојдоа до израз, се оствариja, се потврдија и квалитетно се надминаа идеалите на Гоце „Октомвриското првенче“, како што вели поетот, стана најубав монумент на неговото грандиозно дело... Гоцевото име, неговото големо дело е вградено во цврстите гранитни столбови на македонската слобода.“ (51, 53)

На крајот ќе потцртаме дека авторот, со себе својствена акрибија, — презентирал дело со трајни вредности.

Од тој аспект оваа студија за големиот македонски апологет претставува драгоцен придонес за македонската историографија.

*Д. Д.*

## Наум Пејов — Македонците и граѓанската војна во Грција
Скопје, 1968, 208

Во издание на Институтот за национална историја, книгава пополни една празнина и задоволи едно големо интересирање за таа славна, но толку трагична борба, особено за македонскиот народ од Егејска Македонија, по која десетици илјади Македонци мораа да ги напуштат своите огништа и гробовите на своите дедовци и татковци.

Книгата, поделена на два дела со осум глави и со прилози на крајот, нема претензии, според изјавата на авторот, да даде целосна слика на Граѓанската војна во Грција и односот на Македонците кон неа.

Во предговорот академикот Михаило Апостолски, меѓу другото вели: „Сосем е разбирливо, со оглед на фактот дека се располага со ре-